Архивски број: 08-157/1
28.01.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-541/1 од 29.7.2024 година поднесена од ı од косовски државјанин, со адреса на против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Димче Мирчев бр. 9 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 20.1.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз подносителот врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-541/1 од 29.7.2024 година, од страна на од Република Косово, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност.

Според наводите од претставката, подносителот, кој како што наведува по етничка припадност е Горанец, на ден 25.1.2021 година поднел барање за добивање државјанство на Република Северна Македонија. Според доказите доставени во прилог на претставката, подносителот е роден во Призрен, а има потекло од Македонија. Од моментот кога поднел барање за прием во државјанство на Република Северна Македонија поминале три години, но сѐ уште нема одговор. Иинформира дека го положил јазичниот тест во Владата на Република Северна Македонија. Причината поради која бара прием во државјанство е да си го врати националниот идентитет.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Копија од патна исправа;
2. Копија од Барање до Министерството за внатрешни работи од 29.7.2024 година;
3. Потврда од Министерството за внатрешни работи за примено Барање за стекнување државјанство на Р.М. од 25.1.2021 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 20.8.2024 година испрати Известување бр. 08-541/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

На ден 20.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Министерството за внатрешни работи, заведено под бр. 08-541/3.

Од Министерството за внатрешни работи информираат дека постапката за прием во македонско државјанство по член 11 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија поведена по барање на ' е сè уште во тек, бидејќи сè уште не е доставено мислење од страна на Министерството за надворешни работи во врска со исполнетоста на условите за прием од наведениот член, а воедно од страна на Агенцијата за национална безбедност не е доставен прецизен и конкретен одговор во врска со оценка за постоење на безбедносен ризик за прием во државјанство на наведеното лице. Со оглед на наведеното, известуваат дека сè уште не се исполнети законските услови за донесување соодветна одлука од страна на Министерството за внатрешни работи.

Согласно со вака добиените сознанија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.10.2024 година испрати Известување бр. 08-541/4 и Известување бр. 08-541/5 за произнесување по наводите од претставката до Агенцијата за национална безбедност и Министерството за надворешни работи.

На ден 17.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Агенцијата за национална безбедност, заведено под бр. 08-541/6.

Во произнесувањето известуваат дека согласно со расположливите податоци во надлежната организациска единица за безбедносни проверки во Агенцијата за национална безбедност, проверката за предметното лице била отпочната на 9.2.2021 година врз основа на барањето од Министерството за внатрешни работи. Истата била завршена и за предметното барање бил доставен одговор до Одделот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи Инт.бр.02-9033/1 од 18.9.2023 година, со мислење дека Агенцијата не е во можност да се произнесе со оценка за постоење на безбедносен ризик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, во отсуство на релевантни податоци и информации за лицето кое бара прием во државјанство по член 11 од Законот за државјанство.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.12.2024 година испрати Барање за доставување на дополнителни информации бр. 08-541/7 до подносителот на неговата контакт електронска адреса наведена во претставката. Комисијата од подносителот на претставката побара одговор на следните прашања:

- „Доколку имате копии од документите за апликација за државјанство со кои аплициравте, ве молиме доставете ги до Комисијата.
- Според податоците добиени од Министертвото за внатрешни работи и Ангенцијата за национална безбедност, барате државјанство врз основа на член 11 од Законот за државјанство, што се однесува на доделување на државјанство на лица од кои државата има особен научен, спротиски, економски и културен интерес. Ве молиме појаснете ни врз основа на кој член или кој основ од законот барате прием во државјанство (потекло, раѓање на територијата на Македонија, природување или меѓународен договор).
- Дали некогаш сте имале статус на бегалец во Македонија? Доколку да, пратете ни повеќе информации за овие настани, заедно со временскиот период кога сте го имале овој статус".

На ден 2.12.2024 година подносителот на претставката испрати Одговор на Барањето за доставување на дополнителни информации преку неговата електронска адреса, заведен под


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

бр. 08-541/8. Информира дека не е бегалец, ниту има статус на бегалец, ниту пак живее во Македонија. Нагласува дека е роден во Призрен, кај Шар Планина, додека пак неговото потекло е од Македонија, но за жал тоа не може да го докаже. Член е на Здружение и врз основа на тоа го поднел барањето за стекнување државјанство. Во прилог на одговорот ја достави неговата членска карта од именуваното здружение.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.12.2024 година повторно испрати Барање за доставување на дополнителни информации бр. 08-541/9 до подносителот , на неговата контакт електронска адреса наведена во претставката. Комисијата од подносителот на претставката побара појаснување во однос на тоа дали некогаш живеел во Македонија, дали неговите родители се родени во Македонија или пак имаат македонско државјанство, како и дали досега бил контактиран од страна на Министерството за внатрешни работи или Агенцијата за национална безбедност откако го поднел барањето за прием во државјанство.

Истиот ден, подносителот испрати одговор преку електронска пошта со кој информира дека никогаш не живеел во Македонија, ниту пак е роден во Македонија, ниту пак неговите родители се родени во Македонија или имаат македонско државјанство. Откако поднел барање за прием во државјанство, на почетокот телефонски бил контактиран од инспектор по име . кој му поставил основни прашања во однос на тоа кого има, што прави и слично. Неколку пати испратил барања до АНБ, но никогаш не добил никаков одговор.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.12.2024 година испрати Барање за доставување на информации бр. 08-541/10 до Министерството за внатрешни работи.
Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата побара од Министерството да го појаснат основот од член 11 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија по кој се води постапката за прием во македонско државјанство поведена по барање на Имено, бидејќи согласно со член 11 став 1 е пропишано дека странец може да стекне државјанство на Република Северна Македонија со природување ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес,

1. Кој е националниот интерес во конкретниот случај поради кој е побарано државјанството?
2. Ако не станува збор за барање на државјанство по основот на особен научен, економски, културен, спортски и друг национален интерес за кој основ станува збор?
3. Агенцијата за национална безбедност во врска со оценката за постоење на безбедносен ризик за прием во државјанство на лицето ја информира Комисијата дека поради недостаток на информации не може да го оцени безбедносниот ризик. Како Министерството го цени ваквиот одговор на Агенцијата за национална безбедност во овој случај и на кој начин продолжува постапката понатаму?
4. Алтернативно, доколку лицето не поднело барање за државјанство врз основа на член 11 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија, зошто постапката за прием во македонско државјанство се води по тој член, односно дали истото било по проценка на некои од државните органи на Република Северна Македонија?

На ден 10.1.2025 година до Комисијата пристигна одговор од страна на Министерството за внатрешни работи, заведен под бр. 08-52/1.

Во одговорот информираат дека врз основа на лично поднесено барање по национален интерес (одбележано на самиот образец/поднесок) од страна на лицето од Призрен, Република Косово, по член 11 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија, Одделот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи спровел постапка за утврдување на исполнетоста на условите предвидени во наведениот член од законот.
Понатаму наведуваат дека согласно со член 11, став 2 од Законот, „Владата на Република Северна Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на став 1 од овој член". Овие критериуми се утврдени во Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, во која уредба се утврдени меѓу другото и критериумите за националниот интерес.
Во однос на одговорот од Агенцијата за национална безбедност доставен до Комисијата, известуваат дека Агенцијата доставила неконкретно мислење во однос на предметното барање, поради што Министерството донело Решение за прекин на постапка бр. 12.1.2-6935/1-2021 од 29.10.2024 година. Решението е доставено до Одделението за управни работи Скопје, со цел врачување на истото.
Последно истакнуваат дека именуваното лицето во повеќе наврати е лично обратено до Одделот и информирано за текот на иницираната постапка.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата и доставените одговори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката- косовски државјанин, роден во Призрен, Република Косово, на година поднел Барање за прием во државјанство на Република Северна Македонија врз основа на член 11 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија.
Во текот на постапката пред Министерството за внатрешни работи, од страна на Министерството за надворешни работи не било доставено мислење во врска со исполнетоста на условите за прием од наведениот член. Агенцијата за национална безбедност, пак, отпочнала проверка за предметното лице на ден 9.2.2021 година, а врз основа на барање од Министерството за внатрешни работи. По завршената проверка, Агенцијата доставила одговор до Одделот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи Инт.бр.02-9033/1 од 18.9.2023 година, со мислење дека Агенцијата не е во можност да се произнесе со оценка за постоење на безбедносен ризик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, во отсуство на релевантни податоци и информации за лицето кое бара прием во државјанство.
Постапката за прием во државјанство пред Министерството за внатрешни работи траела нешто повеќе од три години, по што, на 29.10.2024 година, Министерството донело Решение за прекин на постапка бр. 12.1.2-6935/1-2021.

Во оваа насока, **член 11 став 1 од Законот за државјанство на Република Северна Македонија** предвидува дека *„странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес."*

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел*

*или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во смисла на наведеното, фактот што постапката за прием во државјанство на подносителот на претставката траела повеќе од три години, по што на 29.10.2024 година била прекината, само по себе не е доволно за да се извлече заклучок за дискриминаторски третман во споредба со некој друг. Ова од причина што за да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот во однос на останатите баратели на македонско државјанство, поради неговата етничка и национална припадност. Во конкретниот случај, видно од доставените одговори, причината поради која Министерството за внатрешни работи не било во можност да донесе одлука била што Министерството за надворешни работи не доставило мислење во врска со исполнетоста на условите за прием во државјанство, додека пак Агенцијата за национална безбедност, во отсуство на релевантни податоци и информации за лицето, не доставила конкретен одговор во врска со оценка за постоење на безбедносен ризик за прием во државјанство. Во оваа смисла, не постојат наводи кои укажуваат на понеповолен третман кон подносителот во споредба со некој друг.
Во однос на дискриминаторската основа, Комисијата немаше можност да утврди дали постоел различен третман од страна на Министерството за внатрешни работи кон подносителот во однос на други баратели на државјанство од друга етничка и/или национална припадност, па оттука не пронајде каузалност помеѓу наведената дискриминаторска основа и наводниот дискриминаторски третман.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:

- 
- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје
- Агенција за национална безбедност, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје